ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
- Соопштение за медиуми -

Скопје, 10.07.2025 година

# Државниот буџет е доминантен извор за финансирање на изборните кампањи за Парламентарните избори 2024 година

*Од вкупните приходи и расходи на учесниците во ИК, во износ од 368.710 илјади денари, 244.769 илјади денари (63%) се обезбедени од Буџетот на државата, за нивно платено политичко рекламирање*

Државниот завод за ревизија согласно Годишната програма за работа за 2024 година и член 85 од Изборниот законик, изврши финансиска ревизија заедно со ревизија на усогласеност на вкупните финансиски извештаи на сметките „за изборна кампања“ на сите учесници на Парламентарните избори во 2024 година.

Со ревизија беа опфатени вкупните финансиски извештаи на трансакциските сметки „за изборна кампања“ на: Коалиција „За Европска иднина“ предводена од СДСМ; Коалиција „Твоја Македонија” предводена од ВМРО - ДПМНЕ; Коалиција „Храбро за Македонија“ предводена од Граѓанска опција за Македонија - ГРОМ; Коалиција „Европски фронт” предводена од ДУИ; ПП ЛЕВИЦА; Коалиција ВЛЕН предводена од Алтернатива; Движење ЗНАМ – За Наша Македонија; Единствена Македонија; ПП Нова Алтернатива Скопје; ПП АВАЈА; Европско Граѓанско Движење; Македонска Ера Трета/Македонски независни листи; Твоја Партија; Родина Македонија; ПП ДЕСНА; ПП ДЕМОКРАТИ Скопје и Работничка партија.

За секој од учесниците во изборната кампања е изготвен посебен ревизорски извештај во кој е изразено мислење за вкупниот финансиски извештај и за усогласеноста со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревидирани се вкупно остварените приходи по извори и вкупните расходи по намени, како и почитувањето на роковите за отворање и затворање на трансакциска

сметка „за изборна кампања", регистрација и бришење на учесникот во регистарот на правни субјекти, транспарентноста и отчетноста преку изготвувањето и доставувањето на финансиските извештаи за остварените приходи и расходи за изборната кампања до Државниот завод за ревизија.

Вкупните приходи за изборната кампања на сите седумнаесет ученици се во износ од 386.710 илјади денари и ги опфаќаат приходите остварени на трансакциските сметки „за изборната кампања" (140.978 илјади денари), приходите од донациите во ствари (963 илјади денари) и приходите обезбедени од буџетот на државата за објавено платено политичко рекламирање (244.769 илјади денари), што укажува дека 63,3% од вкупните приходи се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија и исплатени од Државната изборна комисија, додека 26,7% се средства обезбедени од други извори на финансирање.

*Приходи по извори во 000 денари и нивно учество во вкупните*




Најголемо учество во вкупните приходи има Коалиција ТВОЈА МАКЕДОНИЈА предводена од ВМРО ДПМНЕ (37%), по што следат Коалиција за ЕВРОПСКА ИДНИНА предводена од СДСМ (25%), Коалиција ЕВРОПСКИ ФРОНТ предводена од ДУИ (15%), Коалиција ВЛЕН предводена од Алтернатива (13%), ПП Левица (4%), Коалиција ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА предводена од ГРОМ (2%) додека учеството на останатите учесници е под 1%.

Од страна на ДИК за ППР на радиодифузерите и печатените медиуми и интернет порталите, исплатени им се вкупно 244.769 илјади денари или

3.979.984 евра, за 16 (шеснаесет) учесници[1] во Парламентарните избори 2024 година.




*Исплатени средства во 000 денари за платено политичко рекламирање по учесник во изборна кампања*

Вкупните расходи направени од учесниците во изборната кампања за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија се во износ од 386.710 илјади денари, од кои 140.261 илјада денари се плаќања од трансакциските сметки, 963 се расходи по основ на примени донации во не парични средства и 244.769 илјади денари се расходи за објавено ППР. Неискористените финансиски средства, од трансакциските сметки „за изборна кампања“ кои согласно финансиските извештаи се прикажани како расходи во вкупен износ од 717 илјади денари се вратени на сметките за редовно работење на политичките партии.

Најголемо учество во вкупните расходи 63,3% имаат расходите за ППР, по што следат расходите исплатени од трансакциските сметки за набавка на стоки и услуги 36,3%.

Исплатените средства од трансакциските сметки „за изборна кампања“ во вкупен износ од 140.261 илјада денари се однесуваат на плаќања за: набавка на материјали, други материјални расходи, комунални услуги, превозни-транспортни услуги, реклама и пропаганда, репрезентација, интелектуални услуги, сметководствени услуги, одржување на предизборни собири, изнајмување на простор за време на ИК, провизии за платен промет и надоместоци за банкарски услуги и други расходи.

[1] ПП Десна нема склучено договори за ППР




**Вкупно потрошени средства во 000 денари од трансакциските сметки по намени*

Учесникот во изборната кампања за финансирање на своите изборни активности може да потроши најмногу до 110 денари по запишан избирач во изборната единица, во првиот и вториот круг на гласање. Според податоците од ДИК, вкупниот број на запишани избирачи во избирачкиот список за Парламентарните избори 2024 година изнесува 1.815.350 лица. Максималниот износ на средства кој може да го потроши секој од учесниците во ИК изнесува 199.689 илјади денари.

Со извршената ревизија е утврдено дека ниту еден од учесниците нема реализирани расходи повеќе од законски утврдениот максимум. Најмногу средства се потрошени во изборната кампања за Коалиција ТВОЈА МАКЕДОНИЈА предводена од ВМРО ДПМНЕ (72% од законски дозволениот максимум), по што следат Коалиција за ЕВРОПСКА ИДНИНА предводена од СДСМ (49%), Коалиција ЕВРОПСКИ ФРОНТ предводена од ДУИ (29%), Коалиција ВЛЕН предводена од Алтернатива (25%), ПП Левица (8%), Коалиција ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА предводена од ГРОМ (4%), додека останатите учесници имаат потрошено средства во износ од 1% или под 1% од законски утврдениот максимум.

Не сите учесници во изборната кампања обезбедија почитување на роковите за затворање на трансакциските сметки „за изборна кампања“ и бришење од регистарот на правни лица како и транспарентност, односно до ДЗР не доставија дел од извештаите за остварените приходи и расходи на трансакциските сметки „за изборна кампања“.

За одржаните парламентарни избори 2024 година, учесниците во изборната кампања ПП Нова Алтернатива, Европско граѓанско движење и Македонска Ера трета, до ДЗР немаат доставено вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања, со што извршија ограничување во опфатот на ревизијата.

Како и во претходни ревизии за изборни кампањи и за овој изборен процес укажуваме на потребата од доуредување на Изборниот законик пред се во делот на:

- финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија обезбедени од Буџетот на државата, како и крајниот рок за уплата на донации;
- пропишување на мерливи критериуми во делот на обезбедување и распределба на средствата од Буџетот на државата, наменети за платено политичко рекламирање;
- начинот на кој донаторите ќе докажат/потврдат дека не се „поврзани лица„ со радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) при финансирање или давање донации на политичките партии;
- условите и критериумите кои е потребно да ги исполнат електронските медиуми за да имаат можност да аплицираат за политичко рекламирање во Државната изборна комисија;
- пропишување на јасни и прецизни критериуми за распределба на буџетските средства наменети за платено политичко рекламирање на електронските медиуми (интернет портали);
- определување надлежен орган за следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали);
- воспоставување на интероперабилен систем/софтверско решение за размена и контрола на податоци за активност на банерите кој ќе има техничка можност за собирање на метрички и статистички податоци;
- предвидување глоби и за електронските медиуми (електронските портали) во случај за недоставување на Извештајот за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени и се побаруваат по таа основа и
- обезбедување на едукација на учесниците во изборната кампања за начинот на подготовка на вкупниот финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања.

**Прес контакт:**
Албиона Мустафа Мухаџири +389 72228 203 albiona.mustafa@dzr.gov.mk
Мијалче Дургутов +389 70 358 486 mijalce.durgutov@dzr.gov.mk
Мартин Дувњак +389 75 268 517 martin.duvnjak@dzr.gov.mk